ООУ „МИРЧЕ АЦЕВ“ – СКОПЈЕ
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ПРВЕНЦИ НА ОДДЕЛЕНИЈА И ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА

- ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје распишува интерен конкурс за избор на првенци за одделенија за учебната 2019/20 година (ученици од IV до IX одд.) и првенец на генерација 2011/12 год. – 2019/20 година (ученик од IX одд.).
  - Конкурсот е отворен од **18.05.2020 – 01.06.2020 година**.
  - Учениците кои се заинтересирани за аплицирање на конкурсот, во наведениот рок треба да ги поднесат документите во ООУ „Мирче Ацев“ (во затворен плик).
  - Учениците треба да го запазат определениот временски рок, а во спротивно задоцнетите апликации нема да бидат разгледувани од Комисијата.
  - Критериумите за избор на првенци се објавени на училишната веб страна www.oumirceacev.edu.mk и се истакнати на влезната врата во училиштето.
- Одделенските раководители на IV и V одд. и раководителите на паралелките од VI – IX одд. треба да им дадат насоки на учениците за подготвување на потребните документи за аплицирање на конкурсот.
  - Учениците од IV – IX одд. кои ќе аплицираат за **првенец на одделение**, треба да доставуваат документи за тековната учебна 2019/20 година.
  - Учениците од IX одд. кои ќе аплицираат за **првенец на генерација** треба да доставуваат документи од прво до деветто одделение, односно од учебната 2011/12 год. до учебната 2019/20 година.
  - Апликациите треба да бидат уредно подготвени, документите да бидат ставени во пластифицирана папка, а секој документ поединечно ставен во најлонска фолија.
  - Ученикот треба да подготви насловна страна со податоци за училиштето и ученикот.
  - Во апликацијата ученикот треба да приложи своја кратка биографија (CV – сиви).
  - За континуиран одличен успех, ученикот треба да достави копија од свидетелства за завршени одделенија од претходните учебни години (само свидетелства со бројчани оценки) и копија од евидентен лист во тековната учебна 2019/20 година.
  - Ученикот доставува копии од добиени дипломи и пофалници за успешно учество и освоено место на училишни, општински, регионални и државни натпревари и конкурси на кои е испратен од нашето училиште во тековната учебна 2019/20 година (за првенец на одделение) или добиени дипломи и пофалници од I – IX одд. (за првенец на генерација).
    За да ги обезбеди потребните дипломи/пофалници, ученикот треба да стапи во контакт со наставникот – ментор којшто треба истите да му ги даде.
  - Доколку ученикот нема резултат за учество или освоено место на некој натпревар или конкурс, треба да се обрати кај наставникот – ментор, а тој треба да му издаде потврда за учество или освоено место на натпреварот или конкурсот. Потврдата треба да биде заверена со деловоден број, печат и потпис од директор.
  - Од раководителот на паралелката ученикот треба да побара потврда за одговорна улога во Одделенската заедница, Училишна заедница, Детска организација, Подмладок на Црвен Крст или друга организација на учениците (најмногу 2 организации) во текот на учебната 2019/20 година.
  - Од одделенскиот наставник или предметниот наставник, ученикот треба да побара потврда за активно учество во слободни ученички активности (најмногу 2 секции) во текот на учебната 2019/20 година.
- Критериумите за избор на првенци се објавени на училишната веб страна и се истакнати на влезната врата во училиштето.

15.05.2020

**Комисии за избор на првенци**

**Директор**
Ѓурѓица Баталакова

_________________________